# Windows Server 2008 R2 Foundation

## Нова исплатлива платформа за компании со најмногу 15 компјутери

Windows Server Foundation е најсоодветен избор за сервер во компании што имаат максимум 15 корисници. Производот е со прифатлива цена и ги вклучува основните функции на еден сервер - печатење и споделување датотеки, пристап од далечина и сигурност на податоците. Лесниот и познат Windows интерфејс им го олеснува на компаниите конфигурирањето на серверот и работењето со него.

Како основа на локалната мрежа, Windows Server Foundation им овозможува на корисниците да разменуваат податоци без притоа да користат електронска пошта или пристап на интернет. Во случај бизнисот да се проширува, Windows Server Foundation може да се надгради до повисоките верзии на Windows Server, без организацијата да ја загуби веќе вложената инвестиција.

## Зошто Windows Server 2008 R2 Foundation?

Windows Server 2008 R2 Foundation е специјално проектиран за да одговори на потребите на вашиот бизнис:

**• Сервер со широка примена**
Базиран на Windows Server 2008 R2, со Windows Server 2008 R2 Foundation можете да ја управувате не само вашата основна инфраструктура, услугите за пристап од далечина до работната површина и до услугите за управување на идентитетот на корисниците - туку со него ќе можете да ги управувате и другите апликации што се направени на платформата Windows Server.

**• Исклучително лесен за добивање**
Добивањето на Window Server Foundation никогаш не било полесно. Windows Server Foundation доаѓа преинсталиран со вашиот хардвер штедејќи ви време за инсталација.

**• Направете ја вашата прва инвестиција во сервер**
Windows Foundation е најлогичната инвестиција кога станува збор за воведување сервер во вашата организација. Нема подобар начин да се осигурите дека вашите податоци и апликации ќе функционираат во доверлива и сигурна средина, која лесно може да се прошири, доколку е потребно.

## Лиценцирање на Windows Server 2008 R2 Foundation

Со Windows Server 2008 R2 Foundation нема потреба да купувате клиентски лиценци за пристап за секој корисник. Секоја лиценца на Windows Server 2008 R2 Foundation содржи 15 кориснички лиценци, што е вклучено во неговата цена. Тоа го прави новиот производ поисплатлив за малите компании. Иако за Windows Server 2008 R2 Foundation нема потреба од купување дополнителни кориснички лиценци за пристап, тие се потребни за користењето на терминалните услуги или за услугите за управување на правата за пристап до информациите.

Windows Server Foundation е идеален производ за мали компании со најмногу 15 корисници. За тие што го надминуваат овој број, Microsoft препорачува користење на Windows Server Standard или на Enterprise, во зависност од потребите на компанијата.